Република Северна Македонија
Општина Ново Село
Бр. 10-642/1
Датум 16.03.2020

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (`` Службен весник на РСМ`` бр.199/2014, 42/2015, 44/2015, 193/15, 36/16 и 163/16), Градоначалникот на општина Ново Село го дава следното:

С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица на територијата на Општина Ново Село за распишување на Јавен повик за доставување иницијативи за изработка на Урбанистички планови

Јавен повик за доставување иницијативи за изработка за Урбанистички планови се распишува согласно член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (`` Службен весник на РСМ`` бр.199/2014, 42/2015, 44/2015, 193/15, 36/16 и 163/16), во 2017 година.

- Јавниот повик трае од **22.03.2020 година до 22.05.2020 година.**
- Јавниот повик ке биде објавен на веб страната на општина Ново Село **www.novoselo.gov.mk, на огласна табла во општината, во е-урбанизам и во дневниот весник ``Нова Македонија``.**
- Секое заинтересирано правно и физичко лице во текот на јавниот повик може да достави иницијатива за изработка и донесување на урбанистички планови од членот 7 став(1) точка2 алинеи 3 и 4 урбанистички план за село и вон населено место и точка 2 алинеа 1 од истиот член локално урбанистичко планска документација од Законот за просторно и урбанистичко планирање.
- Предмет на иницијатива мозе да биде донесување на нов, изменување и дополнување на постоечки Урбанистички план или Урбанистичко-планска документација.
- Заинтересираните правни и физички лица иницијативите можат да ги достават во писмена форма во архивата на Општина Ново Село или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во предвидениот рок.
- За доставените иницијативи подносителите ке бидат информирани во писмена форма или во електронска форма преку информацискиот систем во рок од 15 работни дена од истекот на рокот за доставување на иницијативи.
- Прифатените иницијативи од јавниот повик ке бидат вградени во програма за изработка на урбанистички планови на територија на Општина Ново Село за 2021 година.

Општина Ново Село
Градоначалник
Никола Андонов